**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Дирекција за управување со човечките ресурси
бр. 12508

Скопје, 6 април 2015 година

**До**
**МИТ Универзитет Скопје**
**бул. „Трета македонска бригада“ 6б,**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Известување за можноста за вршење практична работа во Народната банка на Република Македонија

Почитувани,

Ве известуваме дека студентите на високообразовните установи од областа на правото, економијата, информатичките науки, меѓународните односи, човечките ресурси, македонскиот јазик и лектура, англискиот јазик, од сите образовни циклуси, во периодот од 1.6. до 31.8.2015 година, имаат можност да вршат практична работа во Народната банка на Република Македонија.

Согласно со актот на Народната банка на Република Македонија со кој е уреден начинот на вршење на практичната работа, максималниот број практиканти коишто истовремено можат да вршат практична работа е 32 лица, односно по двајца во една организациска единица во текот на еден месец. Практичната работа може да трае најмногу 30 дена.

Заради најлесна достапност на студентите, предлагаме образецот за пријава, кој ви го доставуваме во прилог на овој допис, да биде објавен на вашата интернет-страница, а ќе биде објавен и на официјалната интернет-страница на Народната банка - www.nbrm.mk. Образецот се доставува до Народната банка откако претходно е целосно пополнет од страна на студентот и потврден со печатот на факултетот. Овој печат служи за да ни влее доверба и да гарантира за точноста на информациите коишто ги приложил студентот. Во случај кога пополнетиот образец не е потврден со печатот на факултетот, односно кога студентот аплицира самостојно, тој мора да достави доказ за сите информации коишто се бараат од него, поконкретно - лични податоци за контакт, доказ дека е додипломец и доказ за семестарот во кој е запишан, како и доказ за досега постигнатиот просечен успех на студиите.

При одобрување на пријавите, ќе се има предвид редоследот на пријавени студенти, нивниот успех, како и соодветната застапеност на високообразовните установи.

**Народна банка на Република Македонија**
Бул.Кузман Јосифовски Питу бр 1, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-208; 3108-159
Факс: 02 3108-357 (Централа);
**www.nbrm.mk**

Со оглед на горенаведеното, студентите на високообразовните установи коишто се во состав на вашиот универзитет, ги доставуваат обрасците за пријава за вршење практична работа во Народната банка во Архивата на Народната банка на Република Македонија или по пошта на следнава адреса: бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, Скопје, најдоцна до 24 април 2015 година, со назнака „за практична работа".

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Шеф на Кабинетот на гувернерот**
**д-р Богољуб Јанкоски**